**Влада на Република Македонија**
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на член 9 став 1 точка 6 од Законот за ратификација на Секторската спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финасиската помош на Унијата за Република Македонија според Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој" (ИПАРД) („Сл. весник на РМ" бр. 38/2016), врз основа на Дел II мерка Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства точка 11, мерка Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи точка 11 и мерка Диверзификација на фармите и развој на бизниси точка 11 од Програмата за користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2014-2020 („Сл. весник на РМ" бр. 177/2016), и врз основа на член 6 од Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од програмата ИПАРД 2014-2020 („Сл. весник на РМ" бр. 64/2016)

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

на 24 април 2017 година објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2017

за доставување на барања за користење на средства од
ИПАРД Програмата 2014-2020

## ДЕЛ I

1. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст: Агенцијата) како надлежна институција и договорен орган за спроведување на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на ЕУ (ИПАРД) ги повикува сите заинтересирани физички и правни лица од Република Македонија да достават барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 за следните мерки:

**1. Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства**

**2. Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи**

**3. Диверзификација на фармите и развој на бизниси.**

2. Финансиската поддршка за овој Јавен повик е составена од 75% средства обезбедени од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) согласно Финансиската Спогодба 2014-2020 и 25% средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

3. **Финансиски средства по поединечно барање** се доделуваат како неповратна финансиска поддршка (грант) во износ од:

   3.1. 60% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства. Процентот се зголемува до 65% за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци (физички лица на возраст од 18 години до 40 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка) и 70% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области.

   3.2. 50% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи.

   3.3. 65% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка Диверзификација на фармите и развој на бизниси.

4. **Крајниот рок за поднесување на барањата е 23 јуни 2017 година**

5. **Подигнување на обрасци и упатства:**

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ како и„Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ за секоја мерка одделно во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, Упатство за изготвување на Деловен План / Технички Предлог Проект, Упатства за издавање на неопходната документација од надлежните институции и останати корисни информации во електронска верзија може да се превземат на веб-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk.

Печатените обрасци од барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 и Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 за секоја мерка одделно може да се подигнат директно во Агенцијата на адреса:**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. 3-та Македонска бригада бр.20, (згр. Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје** и во најблиските регионални центри или работни единици на **Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството** секој работен ден **од 8:30 до 16:30 часот**. (Листата на регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството со податоци за контакт е објавена на веб-адресата www.ipardpa.gov.mk).

6. **Начин на поднесување на барањето:**

Барателот треба да пополни и поднесе Барање за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020 за поединечна мерка, Деловен План изработен согласно Упатството за изработка на Деловен План или Технички предлог проект и придружна документација како што е наведена во овој Јавен Повик.

Пополнетото барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 заедно со Деловниот план/Техничкиот предлог проек и целокупната потребна документација се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол „НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен оглас ИПАРД број 01/2017 и назначување на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта како препорачана пратка или лично во писарницата на Агенцијата.

**Напомена:** Заради извршувањето на контролата на терен од страна на Агенцијата потребно е барателот да има кај себе копии од целокупната документација доставена до Агенцијата.

**Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.**

## ДЕЛ II

## ИНВЕСТИЦИИ ВО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

1. Финансиската поддршка за мерката „**Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства**“ е наменета за земјоделско производство во приоритетните сектори : растително производство, сточарство, обработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фармата, производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка

2. **Тип на инвестиција**

**Растително производство:** (1) житарици, (2) индустриски култури, (3) зеленчук (вклучувајќи и компир), (4) повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи и трпезно грозје, маслинки, медоносни дрвја (за производство на мед), (5) лозја;

**б. Сточарство:** (1) Говеда (за млеко производство и гоење), (2) свињи (за репродукција и гоење), (3) овци и кози (за млеко производство и гоење), (4) живина (за производство на месо – бројлери, и кокошки несилки);

**в. Обработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фармата** (Директен маркетинг се однесува на активности поврзани со земјоделски производи, подготовка, директна продажба и други маркетинг активности на фармата, вклучително и за преработени производи на фармата): (1) млеко и млечни производи, (2) месо и месни производи; (3) овошје и зеленчук, вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури; (4) жита, мелничарски производи и производи од скроб; (5) растителни и животински масла и масти; (6) шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет.

**г. Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка,** преку обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса (освен биомаса од рибни производи) за производство на биогас и/или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.

3. **Корисници**

Баратели за користење на средства од оваа мерка можат да бидат земјоделски стопанства, кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој („Сл. весник на РМ“ бр. 49/10 ) .

**Земјоделско стопанство** може да биде регистрирано во ЕРЗС како семејно земјоделско стопанство претставувано од физичко лице или индивидуален земјоделец или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

Физичко лице е член на семејно земјоделско стопанство кое е овластено да го застапува Земјоделското Стопанство пред институциите од членовите на семејното земјоделско стопанство. Претставникот на семејното земјоделско стопанство и членовите живеат на иста адреса која е седиште на Земјоделското Стопанство независно од локацијата на земјоделската сопственост.

Индивидуален земјоделец е физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност за сопствена сметка и е сопственик на земјоделски имот или има право право да користи земјоделски имот добиен преку договор за користење со сопственикот и е регистриран во ЕРЗС и во регистарот на Земјоделски Производители во склоп на МЗШВ како индивидуален земјоделец или во Пензискиот Фонд.

Правни лица можат да добијат поддршка доколку во својот вкупен капитал имаат удел од државата во висина не повеќе од 25% за целото времетраење на проектот и во период од најмалку 5 години од завршување на инвестиционата активност финансирана од оваа програма се прифатливи потенцијални коринсици за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Задруга** која е регистрирана во Централниот регистар според Законот за задруги која примарно се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и/или услуги кои се директно поврзани со земјоделските активности.

Земјоделската задруга која се занимава со примарно земјоделско производство треба да биде во согласност со Законот за земјоделски задруги и да биде регистрирана во Регистарот на Земјоделски задруги при МЗШВ.

## 4. Општи критериуми

Сите баратели кои аплицираат за инвестиции поврзани со растително производство во времето на поднесување на барањето треба да покажат постоење на обработливо земјоделско земјиште регистрирано во Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП) со минималната големина во зависност од дејноста на растително производство која е предмет на инвестиции како што е наведено во табелата подолу.

Сите баратели кои аплицираат за инвестиции поврзани со сточарското производство треба да покажат постоење на минимален број на добиточни единици (ДЕ) регистрирани во Регистарот за идентификација на животните воден од страна на Агенција за храна и ветеринарство (АХВ) пред

поднесување на барање на исплата со минимална големина во зависност на дејноста на сточарското производство која е предмет на инвестиција како што е наведено во табелата подолу.

ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ НА БАРАТЕЛОТ

| ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР | | Минимум производствен капацитет регистриран во СИЗП/АХВ |
|---|---|---|
| РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО | Повеќегодишни растенија (култури) и оранжерии | 0,3 ха |
| | Производство на зеленчук на отворено | 0,5 ха |
| СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО | Говеда | 5 ДЕ |
| | овци и/или кози | 1,5 ДЕ |
| | свињи | 8 ДЕ |
| | Живина (со исклучок на патки, гуски, мисирки, фазани, ноеви, ему и бисерки) | 10 (ДЕ) |

**Сите баратели кои предвидуваат набавка на земјоделска механизација потребно е да покажат минимум 1 ха обработливо земјоделско земјиште под растително производство регистрирано во Системот за идентификација на земјишни парцели.**

Барателите покрај тоа што треба да покажат регистрирани производни капацитети во СИЗП потребно е да докажат сопственост или право на користење на земјиштето со приложен имотен лист кон барањето како и договор за закуп со времетраење не пократко од 7 години односно 10 години во случај на градба/реконструкција на објекти, обновување на повеќегодишни насади и систем за наводнување, од денот на поднесување на барањето. Договорот за закуп, времетраењето и површината на која се однесува договорот задолжително треба да биде впишан во имотниот лист.

**Корисниците се должни да ги евидентираат сите промени на производните капацитети во Регистерот на фарми и во Системот за идентификација на земјишни парцели и/или Регистарот за идентификација на животни особено оние кои се резултат на реализираната инвестиција пред поднесување на конечно барање за исплата.**

**Одговорното лице/носителот на земјоделското стопанство:**

- треба да има завршено минимум средно образование или високо образование преку диплома/сертификат или

- треба да докаже минимум 3 години работно искуство од областа на земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку доказ за професионално работно искуство или преку доказ како корисник на националните програми за поддршка во земјоделството и руралниот развој или други прифатливи писмени докази).

- Доказ дека барем еден од управителите на правното лице, кои го застапуваат правното лице во постапката пред Агенцијата, е во редовен работен однос во правно лице кое се јавува како барател на финансиската поддршка или е ангажиран со договор во времетраење не пократко од времетраењето на договорот за финансиска поддршка склучен со Агенцијата.

5. **Специфични критериуми по типови на инвестиции**

Инвестиции во набавка на механизација/трактор: Набавка на земјоделска механизација – трактор треба да биде во согласност со параметрите наведени во табелата "Максимална прифатлива моќност на трактори", односно моќта на предложниот трактор за набавка да соодветствува со регистрираните производствени капацитети на земјоделското стопанство.

**Максимална прифатлива моќност на трактори**

| Максимална прифатлива моќност на тракторите по приоритетен сектор и големина/капацитет | | |
|---|---|---|
| Тип на растително производство | Големина (ха) | Максимална моќност (kW) |
| Мешовито земјоделско производство вклучувајќи ливади пасишта | 1-2 | 60 |
| Производство на овошје и зеленчук | 2-10 | 60 |
| | 10-50 | 80 |
| | Над 50 | 100 |
| Зеленчук | 2-10 | 40 |
| | 10-50 | 60 |
| | Над 50 | 80 |
| Житарки, фураж и индустриски култури | 2-10 | 60 |
| | 10-50 | 80 |
| | Над 50 | 100 |
| Тип на сточарско производство | Големина на ДЕ (Добиточни единици) | Максимална моќност (kW) |
| Говеда за тов и млечни говеда | 5-20 | 60 |
| | 20-50 | 80 |
| | Над 50 | 100 |
| Тов на прасиња | 8-50 | 60 |
| | 50-500 | 80 |
| | Над 500 | 100 |
| Кози/овци | 1,5-15 | 60 |

| | | |
|---|---|---|
| | 15-500 | 80 |
| | Над 500 | 100 |
| Живина | 10-560 | 60 |
| | 560-1400 | 70 |
| | Над 1400 | 100 |

**Во случај барателот претходно да користел ЕУ поддршка за трактор, не може повторно да аплицира за инвестиција во трактор во рамките на ИПАРД 2014-2020 Програмата. Ова ограничување не се однесува на земјоделските задруги.**

6. **Висина на финансирање**

**Минималната вредност** на прифатливи трошоци е 3.000 евра во денарска противвредност.
**Максималната вредност** на финансиска поддршка по корисник не може да надмине 1.500.000 евра во денарска противвредност од вкупните прифатливи трошоци.

Максималниот износ на финансиска пддршка на еден корисник неможе да ја надмине горе наведената сума а истата може да ја искористи и во еден јавен повик односно со една инвестиција во рамките на финансиски период 2014-2020 година.

Вкупната финансиска поддршка (75% од ЕУ фондовите + 25% национално кофинансирање) која се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата во рамки на оваа мерка **изнесува 60%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.
Овој процент на кофинансирање ќе се зголеми до:

- 65% за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци (физички лица на возраст од 18 години до 40 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка);

- 70% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области

**Процентот на кофинансирање ќе се зголеми за 10 процентни поени за делот од инвестицијата кој се однесува на:**

- Инвестиции во системи за чување и управување со ѓубриво (пример: складирање, третман, понатамошно користење и сл.);

- Инвестиции за подобрување на ефикасноста во употребата на азотни ѓубрива (пример: намалена употреба, опрема за прецизна употреба на ѓубрива и сл.);
- Инвестиции во објекти/опрема чија цел е подобрување на енергетската ефикасност (пример: употреба на градежни материјали кои ја намалуваат загубата на топлина);
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на био-енергија во случај на обработка на производите (суровините) опфатени со Анекс I од Договорот со ЕУ (обработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса)
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на енергија од другите обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделско стопанство;
- Инвестиции во објекти/опрема за третман на отпадни води/канализација.

**Напомена**: Зголемувањето на процентот на финансиската поддршка за 10 процентни поени се однесува само за делот на инвестицијата заради кој се врши зголемувањето на поддршката, а не за целосно предложената инвестиција.

7. **Листа на потребни документи**

**Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата (2014-2020) треба да се оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик.**

1. БАРАЊЕ ЗА МЕРКАТА ИНВЕСТИЦИИ ВО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА
2. ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ (КОПИЈА)
3. ДОКАЗ ЗА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ (НАЈМАЛКУ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ) НА БАРАТЕЛОТ-ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ИЛИ ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ИЛИ ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА, **ИЛИ** ДОКАЗ ЗА ПОСЕТЕНА ОБУКА ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, **ИЛИ** ПОТПИШАНА

ИЗЈАВА ДЕКА БАРАТЕЛОТ СЕ СОГЛАСУВА ДА УЧЕСТВУВА НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНВЕСТИЦИЈАТА

4. **ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА НА КРАЈОТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ БИДЕ РЕГИСТРИРАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ (ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ) НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО** (Овој документ е задолжителен во случај кога барателот е земјоделско стопанство кој предлага нови инвестиции односно барателот не е регистриран за вршење на дополнителна дејност во моментот на поднесување на барањето).
5. **ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА НА КРАЈОТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ СЕ РЕГИСТРИРА ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА** (Овој документ се доставува во случај кога барателот предлага нова инвестиција во сточарското производство)
6. **ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА Е ЗАПОЗНАТ СО УСЛОВИТЕ ПРОПИШАНИ ВО ЛИСТАТА НА ПОСЕБНИ МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОБЈАВЕНИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 178/2015“ И ДЕКА ИСТИТЕ ЌЕ ГИ ПОЧИТУВА И СПРОВЕДУВА НА ЦЕЛОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО ПРЕД ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА.**
7. **АКЦИОНЕРСКА КНИГА И ПРОПРАТНО ПИСМО** (Овие документи се задолжителни во случај кога барателот е акционерско друштво и во случај кога не постојат податоци за компанијата на веб страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија).
8. **ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ *ИЛИ* ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е АНГАЖИРАНО СО ДОГОВОР, *ИЛИ* ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНО ВО ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ** (Потврдата е задолжителна во случај кога барателот има регистрирано фирма односно во случај на нова инвестиција еден од овие документи треба да биде доставен до крајот на инвестицијата).
9. **ДОКАЗ ЗА ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ.**
10. **ДОКАЗ ДЕКА БАРАТЕЛОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА** (Овој документ е задолжителен само за баратели кои што се правни субјекти).
11. **ДОКАЗ ДЕКА ПРОТИВ БАРАТЕЛОТ НЕ Е ИЗРЕЧЕНА МЕРКА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ИЛИ ПРОФЕСИЈА** (Овој документ е задолжителен само за баратели кои што се правни субјекти).
12. **РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, *ИЛИ* РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ОДОБРЕН АКЦИСКИ ПЛАН, *ИЛИ* А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, *ИЛИ* ОДОБРЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, *ИЛИ* БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** (Документот се однесува за баратели кои што имаат регистрирано или предлагаат инвестиции во

производство на млеко, месо, јајца, постбербени активности и преработка на земјоделски производи на земјоделското стопанство.)

13. ДОКУМЕНТИ ЗА СОПСТВЕНОСТ И/ИЛИ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ/ОБЈЕКТ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА
    1. ИМОТЕН ЛИСТ ЗА ОБЈЕКТ, И/ИЛИ ЗА ЗЕМЈИШТЕ
    2. ДОГОВОР ЗА ЗАКУП ЗА ОБЈЕКТ И/ИЛИ ЗЕМЈИШТЕ
    3. ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ

    Договорот е со важност од најмалку 7 години сметано од денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка во случај на набавка на механизација/опрема;

    Договорот е со важност од најмалку 10 години сметано од денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка во случај на изградба/реконструкција/подобрување на системи за наводнување/обновување на повеќегодишни култури;

14. ДОКАЗ ЗА РЕДОВНО ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ (Документот се доставува само во случај кога Банката има воспоставено залог на имотот кој што е предмет на инвестиција).

ДОКУМЕНТИ ЗА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

(ДОЛУНАВЕДЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНО Е ДА БИДАТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ)

15. ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА *ИЛИ* ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ ДЕКА РЕЛЕВАНТНОТО ОДОБРЕНИЕ ЌЕ СЕ ДОСТАВИ ДО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР (Изјавата се доставува во случај кога барателот не е во можност да го добие одобрението заклучно со денот на поднесување на барањето за користење на средства).
    *ИЛИ* ИЗЈАВА ОД НАДЛЕЖНАТА ИНСТИТУЦИЈА ДЕКА ЗА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА НЕ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ.

16. КОПИИ ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И РЕВИДИРАНА ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА ОД ТЕХНИЧКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА – ЦД) (Проектната документација која се доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој мора во целост да соодветствува со проектната документација (техничкиот број) која се доставува/ќе се достави до надлежниот орган како дел од поднесеното барање за добивање на одобрение за градба).
    **(Документот треба да биде заверен од страна на овлатени лица за изготвување на техничка документација и ревиденти)**

17. ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА/СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ (Времена ситуација/состојба се доставува во случај кога барателот има изградено одреден дел од објектот кој што е предмет на инвестиција, односно изведените градежни работи потребно е да се во согласност со последната одобрена техничка документација).

18. ДОКУМЕНТИ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СПОСОБНОСТ/ОДРЖЛИВОСТ
    1. ДЕЛОВЕН ПЛАН

(Деловниот план е задолжителен документ доколку вкупнатат вредност на планираната инвестиција е поголема од 50.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ).

    2. ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ

(Техничкиот предлог проект е задолжителен документ доколку вкупната вредноста на планираната инвестиција е помала од 50.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ).

19. ПОНУДИ ЗА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ / ОПРЕМА
    1. ПОНУДА ОД ДОБАВУВАЧ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ГРУПА НА СТАВКИ, СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ
    2. ТРИ ПОНУДИ ОД РАЗЛИЧНИ ДОБАВУВАЧИ, ЗА СТАВКА/ГРУПА НА СТАВКИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ
    3. ИЗЈАВА ОД ДОБАВУВАЧОТ/-ИТЕ ЗА ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

Изјавата е задолжителен документ доколку понудата е со вредност над 100.000 евра.

(Изјавата е задолжителен документ во случај кога во понудата нема податоци за земјата на потекло и за производителот за машините/ опремата).

20. ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ЗА СИТЕ СТРАНСКИ ДОБАВУВАЧИ
21. АКЦИОНЕРСКА КНИГА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА – ЦД/ХАРТИЕНА ФОРМА, И/ИЛИ ПРОПРАТНО ПИСМО

(Горенаведените документи се задолжителни во случај кога добавувачот е акционерско друштво).

22. ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ СО ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА ПРИЧИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОНКРЕТНАТА ПОНУДА

(Документот е задолжителен во случај кога набавката е со износ поголем од 10.000 евра во денарска противвредност по ставка/ група на ставки, доколку избраните стоки/ услуги немаат најниска вредност).

23. ПОНУДА/ФАКТУРА/ДОГОВОР ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ **(за набавки со вредност над 10.000 евра во денарска противвредност потребни е да се достават 3 понуди за секоја ставка)**

**(ОПШТИ ТРОШОЦИ СЕ ПРИЗНАВААТ ДОКОЛКУ ИСТИТЕ СЕ НАСТАНАТИ ПО 01.01.2014 ГОДИНА)**

**Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација со цел докажување на исполнување на критериумите од ИПАРД Програмата за користење на финансиска поддршка. Исто така Агенцијата има право да побара**

**дополнителни документи за Барателот од други Институции со кои се докажува исполнување на соодветни критериуми од Програмата.**

ДЕЛ III

## ИНВЕСТИЦИИ ВО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ

1. **Прифатливи сектори**
   - Млеко и млечни производи;
   - Месо и производи од месо ( вклучувајќи јајца и живина);
   - Овошје и зеленчук (вклучувајќи ги компири, печурки и легуминозни култури);
   - Житарици, мелнички продукти и скроб;
   - Растителни производи и масла и маснотии од животни;
   - Шира, вино и оцет и
   - Производство на енергија преку погони за преработка и производи од животни од примарната и секундарната биомаса, со исклучок на биомаса од рибни производи.

2. **Корисници**

- Правни лица кои се регистрирани во Централниот регистар согласно Законот за трговските друштва, и кои вработуваат помалку од 250 лица и имаат годишен обрт кој не надминува 50 милиони евра, и / или годишен биланс на состојба кој не надминува 43 милиони евра што одговара на сегашната дефиниција за мали и средни претпријатија (МСП) која е содржана во Препораката на Комисијата 2003/361 / ЕЗ.
- Претпријатијата кои не се опфатени со дефиницијата за МСП, но кои вработуваат помалку од 750 вработени и кои имаат годишен обрт кој не надминува 200 милиони евра, исто така може да бидат прифатливи , но, во овој случај поддршката може да се додели за инвестиции наменети да го направат целиото претпријатие во согласност со релевантните стандарди на ЕУ. Проценка на големината на корисниците се врши од страна на Агенцијата.
- Задруги кои се регистрирани во Централниот регистар во согласност со Законот за задруги и првенствено се занимаваат со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и / или услуги директно поврзани со земјоделски активности.
- Правните лица рангирани како микро претпријатија не се прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка.
- Новоформираните претпријатија ќе се оценуваат врз основа на очекувана големина како што е предложено во деловниот план.
- Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД

ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА” издаден од Централен Регистар на Република Македонија. Валиден документ преку кој може да се утврди големината на правниот субјект за соодветниот оглас е оној кој се однесува на претходната календарска година.

## 3. Критериуми за прифатливост

– Барателот треба да достави „Барање за користење на средства од ИПАРД II Програмата“ придружено со сите потребни документи

– Барателот треба да е регистриран во Централниот Регистар како правно лице или земјоделска задруга

– Барателите земјоделски задруги треба да бидат регистрирани во Регистарот на земјоделски задруги на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

– Сите корисници треба да бидат регистрирани во Агенција за храна и ветеринарство како оператори со храна или евидентирани заради промените предизвикани од засегнатите инвестиции во согласност со Законот за безбедност на храната на крајот на инвестицијата.

– Инвестициите треба да се реализираат на имот кој е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот, договор или друг придружен документ мора да биде доставен за докажување на правото на користење на имотот засегнат од инвестицијата за период од најмалку 10 години од денот на поднесување на барањето за поддршка.

– Барателот на финансиска поддршка треба да биде регистриран во националниот систем за ДДВ согласно Законот за данок на додадена вредност.

– Пред да се достави барањето за исплата, најмалку едно одговорно лице на правниот субјект кој го претставува претпријатието е со редовен работен однос со правниот субјект или е ангажирано под договор со времетраење не покусо од времетраењето на договорот за доделување финансиска поддршка во рамките на оваа Програма.

– Корисникот е должен да ги исполни релевантните ЕУ стандарди поврзани со реализација на инвестицијата пред поднесување на барањето за исплата.

– Барателот кој предлага инвенстиции во секторот вино, треба да е регистриран во регистарот на производители на вино пред поднесување на барањето за исплата.

– Барателот кој предлага инвестиција во центар за собирање и дистрибуција на зеленчук и овошје, житарици и млеко треба да е регистриран во регистар за откупувачи пред поднесување на барањето за исплата.

– Помош може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти овозможуваат финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на деловен план. Барателот треба да ја прикаже можноста за континуитетот на работењето во

текот на најмалку пет години од реализација на инвестицијата. Врз основа на следните економски индикатори ќе се оценува инвестициониот проект:

- Модификувана интерна стапка на рентабилност која треба да биде поголема од 0,
- Нето сегашна вредност кое треба да биде поголемо од 0, и
- Период на враќање на инвестицијата кој треба да биде помал од 10 години

4. **Висина на финансирање**

Вкупната финансиска поддршка (75% ЕУ фондови + 25% националното ко-финансирање) нема да ја надминуваат горната граница од **50% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите**.

**Финансиската поддршка за мерка Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи може да се зголеми за 10% за:**

- Инвестиции во згради/опрема чија што намена е да се подобри енергетската ефикасност (на пр. употреба на градежен материјал кој ја намалува загубата на топлина);
- Инвестиции за згради/опрема за производство на био-енергија во случај на преработка на производи (суровински материјал) кој е покриен со Анекс 1 од Договорот со ЕУ (преработка на примарна и секундарна биомаса од животни и растенија);
- Инвестиции за згради/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за да се произведат количини еднакви на сопствените потреби за електрична енергија за преработувачките претпријатија;
- Инвестиции за згради/опрема за третман на вода/отпадна вода.

За да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, вкупните прифатливи трошоци за предложениот инвестициски проект треба да изнесуваат најмалку 10.000 евра во денарска противвредност.

Највисоката вредност на вкупните прифатливи трошоци по корисник за целиот период на спроведувањето на оваа програма изнесува 4.500.000 евра во денарска противвредност.

5. **Листа на потребни документи**

**Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата (2014-2020) треба да се**

**оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик.**

1. БАРАЊЕ ЗА МЕРКА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ

2. ДОКАЗ ДЕКА БАРАТЕЛОТ Е РЕГИСТРИРАН ВО СИСТЕМОТ ЗА ДДВ

3. УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

4. КОПИЈА ОД ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ

